РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА | KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Бр. 06-625/3
06-12-2022 год.
КСЗД
СКОПЈЕ - SHKUP

Постапувајќи по претставката бр. 08-625/1 од 23.11.2022 година, поднесена од [redacted] против Министерство за внатрешни работи, за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 6.12.2022 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за отфрлање на претставка заради ненадлежност**

СЕ ОТФРЛА претставката 08-625/1 од 23.11.2022 година, , поднесена од [redacted] против Министерство за внатрешни работи, за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, затоа што постапувањето по адресираниот проблем не е во законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

О б р а з л о ж е н и е

На 23.11.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против Министерство за внатрешни работи, за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи.

Подносителот на претставката е помлад аналитичар во Одделението за криминалистичко-разузнавачка анализа, СВР - Куманово, Биро за јавна безбедност при МВР. Во претставката, подносителот вели дека од 2020 година до 2022 година на повеќе наврати, со вкупно пет решенија бил распоредуван на други работни места. Тој ги смета овие решенија за незаконски и се повикува на повреда на член 116 став 2 и член 128 став 1 и став 2, а во врска со член 106 став 3 од Законот за внатрешни работи. Подносителот во претставката исто така бара Решението за распоредување со бр. 226-106909 од 28.10.2022 година да биде поништено како незаконито.

Согласно наводите и барањата од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во надлежностите на Комисијата. Имено, Комисијата согласно членот 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација нема надлежност да ја оценува законитоста на управни акти ниту истите да ги поништува.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20) *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други.*

Членот 5 од истиот закон ги дефинира дискриминаторските основи: *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека постапувањето по адресираниот проблем не спаѓа во законските надлежности на Комисијата и го упатува подносителот да ги искористи правните лекови наведени во правната поука на гореспоменатото Решението кое му било доставено, односно да поднесе приговор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, како орган кој има законска надлежност да постапува по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи.

Скопје
6.12.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]